ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ како контролор на лични податоци целосно ја заслужува Вашата доверба бидејќи посветува големо внимание на почитување на приватноста и заштитата на личните податоци.

Правото на приватност и заштитата на личните податоци на пациентите и другите субјекти на лични податоци, претставува врвен приоритет на нашата компанија, па затоа Ве молиме внимателно да ја прочитате оваа Политика за приватност.

Со оваа политика за приватност, Ве информираме за природата, обемот и целта за која ги собираме, користиме и обработуваме Вашите лични податоци, за начинот на кој ги штитиме Вашите лични податоци, како и за Вашите права што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци податоци „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 42/20.

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ како контролор на лични податоци, применува технички и организациски мерки за да обезбеди целосна заштита на личните податоци кои се обработуваат преку оваа веб страница.

## 1. ПОВАЖНИ ДЕФИНИЦИИ

Политиката за приватност на ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ се заснова на термините што ги користи Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП). Таа треба да биде разбирлива за сите заинтерсирани страни т.е субјекти на лични податоци. За да бидеме сигурни дека навистина е така, прво ќе ги објасниме поимите што ги користиме.

Во оваа политика за приватност, меѓу другото, ги користиме следниве поими / дефиниции:

- **Лични податоци**

Под личен податок се подразбира секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

- **Субјект на личните податоци**

Субјект на личните податоци е идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува, чии лични податоци ги обработува контролорот одговорен за обработка на личните податоци.

- **Обработка на личните податоци**

Обработка на личните податоци е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

- **Ограничување на обработката на податоците**

Ограничување на обработката на личните податоци е означување на личните податоци кои се чуваат, а со цел ограничување на нивната обработка во иднина.

- **Профилирање**

Профилирање е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување на аспекти кои се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење.

- **Контролор**

Контролор е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

- **Обработувач**

Обработувач е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

- **Корисник**

Корисник е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

- **Трето лице**

Трето лице е секое физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое не е субјект, контролор, обработувач или лице, кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да ги обработува податоците.

- **Согласност**

Согласност на субјектот е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјава на волја, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци.

## 2. НАЗИВ И АДРЕСА НА КОНТРОЛОРОТ

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ – седиште Ул. Шишка бр.1, Кавадарци
Подружница бр.1 во Кавадарци
Подружници бр.2 во Прилеп
Подружница бр.3 во Битола
Подружница бр.4 во Велес
Подружница бр.5 во Гостивар
Подружница бр.6 во Тетово
Подружница бр.7 во Дебар
Подружница бр.8 во Струга
Подружница бр.9 Охрид
Подружница бр.10 во Кичево

http://nefroplus.mk/

## 3. ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Може да ги контактирате нашите Офицери за заштита на личните податоци - Татјана Каракачанова и Викторија Кузмановска на следните е-маил адреси:

tatjana.karakachanova@nefroplus.mk – за центрите во Прилеп, Кавадарци, Велес, Битола, Охрид, и

viktorija.kuzmanovska@nefroplus.mk – за центрите во Гостивар, Тетово, Струга, Дебар, Кичево

Секој посетител на оваа веб страница или друг субјект на лични податоци (пациенти, вработени, посетители во објектите...) може во секое време директно да контактира со нашите офицери на наведените електронски пошти, за какви било прашања и предлози во врска со заштитата на личните податоци.

## 4. КАКО ГИ ПРИМЕНУВАМЕ НАЧЕЛАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ?

- **Законит, фер и транспарентен начин на обработка на личните податоци**

Вашите лични податоци ги собираме и обработуваме исклучиво врз основа на Ваша согласност при посета на веб страната, врз основа на законска обврска, договорна обврска или за наши легитимни интереси, зависно од збирката на лични податоци и категориите на субјекти чии податоци се обработуваат.

- **Ограничување на целта на обработката на личните податоци**

Личните податоци се чуваат согласно роковите дефинирани во интерните акти или релевантен закон, договор, легитимен интерес или согласност. По изминувањето на роковите или по исполнување на целта за обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка.

- **Ограничување на обемот на личните податоци**

Обработката на личните податоци е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за да се исполнат целите на обработката. Обемот на личните податоци е соодветен на она што е потребно за исполнување на целите, определени подолу во оваа политика за приватност. Доколку се појави потреба за дополнителна обработка на Вашите лични податоци, ќе Ве информираме навремено или ќе побараме ваша согласност за таа дополнителна обработка.

- **Точност на личните податоци**

Спроведуваме разумни мерки за потврдување на точноста, за исправка и/или бришење на неточните лични податоци кои ги обработуваме. Покрај овие мерки, Ви овозможуваме да го остварите Вашето право да побарате исправка, дополнување или бришење на личните податоци на лесен и едноставен начин преку обрасците за остварување на правата на субјектот, дел на оваа Политика.

- **Ограничување на роковите на обработка на личните податоци**

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ води грижа, Вашите лични податоци да се чуваат во роковите предвидени со закон каде е дефинирано или со интерните процедури/ акти, а роковите се наведени во оваа политика за приватност и во каталогот со збирки на лични податоци. По изминувањето на роковите или по исполнување на целта за обработката, Вашите лични податоци се бришат/уништуваат соодветно нашите интерни процедури.

- **Интегритет и доверливост на личните податоци**

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци што се собираат преку рзличните начини, од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен само на лицата кои се посебно овластени за одредена збирка.

## 5. КОЈА Е ПРАВНАТА ОСНОВА И ЦЕЛТА ЗА ОБРАБОТКА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, КАКО И КОИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ СОБИРАМЕ? КОЈ Е РОКОТ ДО КОЈ ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

5.1 собираме податоци за нашите вработени согласно закон и договор;
5.2 собираме податоци за нашите пациенти согласно закон;
5.3 собираме податоци за посетителите во нашите простории преку системот за видеонадзор, согласно наш легитимен интерес;
5.4 собираме податоци за надворешни соработници согласно закон и договор;
5.5 собираме податоци при аплицирање за работа и објавен оглас, согласно наш легиримен интерес и ваша согласност;
5.6 собираме податоци преку Вашето користење на нашата веб страна; преку нашата e-mail адреса за контакт и по телефон на броевите наведени на страната, дадени за контакт, по ваша согласност.

5.1 Поради потребата од реализација на вработувањето, склучувањето на договорот според Законот за работни односи, собираме и обработуваме неопходни лични податоци на нашите вработени – име и презиме, телефонски број, адреса на живеење, матичен број, трансакциска сметка, националност, дипломи, сертификати и други податоци а со цел отварање на лично досие на вработениот и склучување на договор за вработување. Овие лични податоци се обработуваат и чуваат во рокови дефинирани со закон од 1 до 45 години, и може да се врши пренос и на други обработувачи и институции.

5.2 Поради потребата од реализација на медицински услуги, собираме и обработуваме лични, и медицински податоци на пациентите– име и презиме, адреса на живеење, телефонски број, е-маил адреса, матичен број, статус на осигурување, дијагоноза, и др. Овие лични и медицински податоци се обработуваат и чуваат во рокови дефинирани според интерни процедури и законски рокови согласно Законот за здравствена заштита, Законот за евиденции во областа на здравството и Законот за здравствена заштита во рокови од 15 години по затворањето на досието или неактивнос на пациентот, и може да се врши пренос и на други обработувачи и институции.

5.3 Преку системот за вршење на видео надзор поставен во просториите на контролорот, се обработуваат следните категории на лични податоци - физичкиот изглед на вработените, пациентите, посетителите и другите надворешни лица кои влегуваат и излегуваат од просториите на контролорот.

Преку видео надзорот се обработуваат лични податоци, односно податоци кои се однесуваат на идентификувано лице или на лице кое може да биде идентификувано, директно или индиректно, посебно врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице. Целта на оваа збирка е заштита на имотот и сопственоста на контролорот и контрола на влез и излез од деловните простории. Овие податоци се чуваат до исполнување на целта на контролорот, но не повеќе од 30 денови од денот на снимањето, по што снимките автоматски се бришат / преклопуваат со нови снимки.

5.4 Поради потребата од реализација на одредена услуга, може да ангажираме надворешни соработници по договор за услуги, па за таа цел собираме и обработуваме неопходни лични податоци на субјектот – име и презиме, телефонски број, адреса на живеење, матичен број или број на лична карта, трансакциска сметка. Овие лични податоци се обработуваат и чуваат во рокови дефинирани со закон до 10 години, и може да се врши пренос и на други обработувачи и институции.

5.5 Кога одлучувате да доставите ваша биографија со цел аплицирање на објавен оглас од наша страна, вие доброволно ни ги доставувате вашите лични податоци наведени во биографијата. Овие податоци се обработуваат за да се изврши селекција на кандидат, по што ќе започне процедура на вработување на кандидатот. Може да побараме од вас согласност доколку сакате вашите податоци да ги чуваме во нашата база, со цел избор за следните огласи. Доколку не ни доставите писмено известување за согласност, ние нема да ги задржиме ваши лични податоци,

подолго од 12 месеци согласно нашите интерни акти, по што истите ќе бидат избришани од нашата евиденција.

5.6 При посетата на нашата интернет страна од страна на серверот, за секој посетител се креираат логови со следниве податоци: вашата интернет протокол (IP) адреса;уредот од кој пристапувате, вид и модел;вашиот оперативен систем;видот на пребарувачот, plugins и верзија;страните кои ги посетувате на нашата веб-страна и времето кое го минувате на секоја страна;држава и град (се одредува преку IP адресата).

При користење на овие општи податоци и информации, не донесуваме заклучоци за корисникот. Наместо тоа, овие информации ни се потребни за правилно да ја испорачаме содржината на нашата веб страница, да ја оптимизираме содржината на нашата веб страница, да обезбедиме долгорочна одржливост на нашиот информациски систем и технологијата на веб страницата, и да им ги дадеме на органите за спроведување на законот информациите потребни за гонење во случај на сајбер-напад.

Во одредени случаи исто така се запишуваат информации во форма на „Cookies“ на Вашиот компјутер. „Cookies“ се мали датотеки кои се внесуваат во компјутерот на посетителот од страна на web серверот. Сите информации кои се меморираат во рамките на „Cookies“ можат да се користат само за потребите на web услугата и тоа на начин кој нема да ја загрози Вашата приватност.
Во случај кога сакате да контактирате со нас на нашата електронска пошта, доброволно одлучувате кои лични податоци сакате да ни ги доверите (пример име и презиме, телефонски број за контакт, е-пошта). Контролорот понатаму ќе го обработи вашиот e-mail во согласност со содржината на барањето, и истите ќе се чуваат се до исполнување на целта за која се побарани, по што подлежат на бришење согласно нашите интерни акти.

| Име на колачето | Која е неговата цел / намена | Рок на чување | Тип |
|---|---|---|---|
| НЕОПХОДНИ | | | |
| **PHPSESSID** | Preserves user session state across page requests.<br>Ја зачувува состојбата на сесијата на корисникот низ барањата на страницата | Session<br>Сесија | HTTP |

## 6 ДАЛИ ВРШИМЕ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

Серверите на веб страницата ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ се наоѓаат во Соединетите Американски Држави со што се врши пренос на личните податоци надзор од ЕУ или ЕЕП.

## 7 ОБРАБОТУВАЧИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Може да користиме трети страни даватели на услуги за обработка на вашите лични податоци. Овие даватели на услуги може да се лоцирани во Македонија, во и надвор од Европската Унија (ЕУ), Европскиот економски простор (ЕЕП) или трети земји. Ние потврдуваме дека овие

обработувачи ги обработуваат личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните подаtроци или европското законодавство за заштита на личните податоците за да гарантираат соодветно ниво на заштита на личните податоците.

Контролорот ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ има склучено договори за соработка со обработувачите, со точно дефинирани цели за обработка, минимален обем на потребни лични податоци, обработка и рокови на чување, како и правила за задолжително усогласување и примена на Законот, а со цел демонстрирање на стандардно или високо ниво на заштита на личните податоци.

## 8 ДАЛИ И НА КОГО ЌЕ ГИ ОТКРИЕМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО ЗАКОН?

Вашите лични податоци ќе ги откриеме на надлежни државни органи за цели на водење на постапки согласно закон. За секое откривање на Вашите лични податоци, ќе водиме писмена евиденција и ќе Ве известиме на соодветен начин. Доколку во иднина се појави потреба за откривање на податоците на трето лице кои не се предвидени во оваа Политика, ќе побараме Ваша согласност онаму каде што е тоа неопходно и ќе извршиме дополнување на Политиката за приватност пред таа обработка воопшто да започне.

## 9 КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА КАКО СУБЈЕКТИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

**1) Право на информирање** (**член 17 и 18 од ЗЗЛП**)

Имаме обврска да ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, начинот на кој сме ги обезбедиле податоците, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. Како субјект на лични податоци имате право да добиете потврда од ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ дали ги обработуваме Вашите лични податоци.

**2) Право на пристап (член 19 од ЗЗЛП)**

Во секое време, бесплатно имате право да добиете информации од ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ за Вашите лични податоци, како и копија од овие податоци. ЗЗЛП Ви гарантира пристап до следниве информации:

- цел на обработката;
- категории на личните податоци;
- корисници или категории на корисници на кои им биле откриени или ќе бидат откриени личните податоци;
- ако е можно, време на чување на личните податоци или ако тоа не е можно, критериумите користени за одредување на времето на чување;
- постоење на право да се бара исправка или бришење на лични податоци или ограничување на обработката на лични податоци;
- постоење на право на поднесување барање до Агенцијата за заштита на личните податоци; кога личните податоци не се собрани од Вас, сите достапни информации за изворот на лични податоци;

- постоење на автоматско донесување одлуки, вклучително и профилирање, и во тие случаи, релевантни информации за вклучената логика, како и значењето и предвидените последици на таквата обработка за субјектот.

Покрај тоа, имате право да добиете информации за тоа дали личните податоци се пренесени во трета земја, како и за соодветните заштитни мерки во врска со преносот.

**3) Право на исправка (член 20 од ЗЗЛП)**

Имате право да побарате исправка на Вашите неточни лични податоци без непотребно одложување, најдоцна во рок од 15 денови по поднесувањето на барањето. Земајќи ги предвид целите на обработката, имате право да ги дополните нецелосните лични податоци.

**4) Право на бришење или „Право да се биде заборавен“ (член 21 од ЗЗЛП)**

Имате право да барате бришење на Вашите лични податоци. Ние сме должни да постапиме по ваквото барање ако е исполнет еден од следните услови:

- личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои се собрани или за кои се обработуваат;
- сте ја повлекле согласноста на која се заснова обработката, а не постои друга правна основа за обработка;
- сте приговарале на обработката;
- ако контролорот обработува лични податоци за цели на директен маркетинг;
- обработката на личните податоци е незаконита.

**5) Право на ограничувања за обработка (член 22 од ЗЗЛП)**

Имате право да ја ограничите обработката на Вашите лични податоци, доколку е исполнет еден од следниве услови:

- ја оспорувате точноста на личните податоци, за период кој ќе ни овозможи да ја провериме нивната точност;
- обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето на личните податоци, а наместо тоа бара ограничување на нивната обработка;
- ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ нема повеќе потреба да ги обработува Вашите лични податоци, но Вам Ви се потребни за воспоставување, остварување или одбрана на Вашите правни барања;
- приговарате на обработката, во очекување на верификација дали нашите легитимни интереси преовладуваат над Вашите интереси.

**6) Право на преносливост на податоците (член 24 од ЗЗЛП)**

Имате право да ги добиете вашите лични податоци, во читлив формат, со цел истите да бидат пренесени кај друг контролор, ако обработката е заснована врз основа на претходна согласност, и ако истите е автоматска. Личните податоци може директно да бидат доставени до новиот контролор (ако е тоа возможно).

**7) Право на приговор (член 25 од ЗЗЛП)**

Имате право на приговор врз основа на конкретна ситуација при обработката на вашите лични податоци.

**8) Дали донесуваме одлуки врз основа на автоматска обработка на податоци? (член 26 од ЗЗЛП)**

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ не донесува поединечни одлуки врз основа на автоматска обработка на податоци вклучувајќи и профилирање.

**9) Право на повлекување согласност за обработка на податоците (член 11 од ЗЗЛП)**

Согласноста за обработка на Вашите лични податоци, имате право да ја повлечете во секое време. Офицерот за заштита на личните податоци ќе постапи по Вашето барање за остварување на Вашите права во соодветниот законски рок.

За сите прашања во врска со заштитата на личните податоци, може во секое време да го контактирате офицерот за заштита на лични податоци.

**10) Право на поднесување барање до Агенција за заштита на личните податоци**

Доколку сметате дека личните податоци не ги обработуваме согласно ЗЗЛП можете да се обратите до:

Агенција за заштита на личните податоци
бул. „Гоце Делчев“ бр. 18 Скопје
https://www.dzlp.mk/
e-mail адреса info@privacy.mk

## 10 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОВАА ПОЛИТИКА

ПЗУ НЕФРОПЛУС КАВАДАРЦИ има право да ја ажурира оваа политика за приватност на личните податоци во кое било време. Кога ќе го направиме тоа, ќе дадеме известување на интернет страницата или политиката може да биде истакната и интерно во Контролорот, и ќе го ревидираме датумот на ажурирање и новата верзија. Субјектот на личните податоци / корисникот, е информиран, прифаќа и се согласува дека е негова одговорност периодично да ја проверува политиката за приватност и дека е свесен за промените.